Врз основа на член 104 став (3) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија “ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19) и член 8 став (6) од Правилата за снабдување со електрична енергија („Службен весник на Република Македонија” бр. 172/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 138/19), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 20 јули 2020 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за одобрување на формата и содржината на потсетникот за потрошувачи**

1. Се одобрува формата и содржината на потсетникот за потрошувачи на Друштвото за трговија, промет и услуги ВАНГАРД ДОО Скопје, бр.12-1389/5 од 10 јули 2020 година.
2. Потсетникот за потрошувачите од точка 1 од ова решение, е даден во Прилог кој е составен дел на ова решение.
3. Се задолжува Друштвото за трговија, промет и услуги ВАНГАРД ДОО Скопје, пред склучување на договори за снабдување со електрична енергија, на потрошувачите навремено да им обезбеди примерок од потсетникот за потрошувачите од точка 1 од ова Решение.
4. Се задолжува Друштвото за трговија, промет и услуги ВАНГАРД ДОО Скопје, одобрениот потсетник за потрошувачите од точка 1 од ова решение да го објави на својата веб страница, во рок од седум дена од денот на донесувањето на ова решение.
5. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

Друштвото за трговија, промет и услуги ВАНГАРД ДОО Скопје, врз основа на член 104 став (3) од Законот за енергетика* и член 8 став (6) од Правилата за снабдување со електрична енергија до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) достави Барање за одобрување на потсетник за потрошувачите 12-1389/1 од 11 јуни 2020 година.

Во член 104 став (3) од Законот за енергетика* е уредено дека снабдувачот со електрична енергија, по претходно одобрување на Регулаторната комисија за енергетика, на своите потрошувачи им обезбедува копија од потсетникот на потрошувачите, кој содржи практични информации за правата на потрошувачите, и истиот навремено го објавува на својата веб страница.

Во член 8 став (1) од Правилата за снабдување со електрична енергија е регулирано дека пред склучувањето на договорот за снабдување со електрична енергија, секој снабдувач навремено му обезбедува на потрошувачот примерок од потсетникот за потрошувачите, кој содржи практични информации за правата на потрошувачите презентирани на јасен и недвосмислен начин којшто нема да предизвикува забуна кај потрошувачот и нема да го доведе во заблуда при изборот да склучи, или да го раскине или продолжи постоечкиот договор за снабдување.

Содржината на потсетникот за потрошувачи содржи информации кои се наведени подетално во член 8 став (2) од Правилата за снабдување со електрична енергија. При анализа на потсетникот за потрошувачите доставен од Друштвото за трговија, промет и услуги ВАНГАРД ДОО Скопје на 11 јуни 2020 година, е констатирано дека формата и содржината не соодветствуваат со член 8 став (2) точки 6), 7),8), 9), 12) и 16) од Правилата за снабдување со електрична енергија за што Регулаторната комисија за енергетика до Друштвото за трговија,

промет и услуги ВАНГАРД ДОО Скопје достави Известување број 12-1389/2 од 17 јуни 2020 година со кое побара да се дополни содржината на доставениот потсетник.

Друштвото за трговија, промет и услуги ВАНГАРД ДОО Скопје на 24 јуни 2020 година достави дополнет потсетник за потрошувачите заведен во архивата на Регулаторната комисија за енергетика со бр.12-1389/3 од 24 јуни 2020 година. При анализа на доставениот потсетникот за потрошувачите е констатирано дека формата и содржината не соодветствуваат со член 8 став (2) точка 16) од Правилата за снабдување со електрична енергија за што Регулаторната комисија за енергетика до Друштвото за трговија, промет и услуги ВАНГАРД ДОО Скопје достави Известување број 12-1389/4 од 1 јули 2020 година со кое побара да се дополни содржината на доставениот потсетник.

Друштвото за трговија, промет и услуги ВАНГАРД ДОО Скопје на 10 јули 2020 година достави дополнет потсетник за потрошувачите заведен во архивата на Регулаторната комисија за енергетика со бр.12-1389/5 од 10 јули 2020 година. Регулаторната комисија за енергетика утврди дека дополнетиот потсетник за потрошувачите е во согласност со член 8 став (2) од Правилата за снабдување со електрична енергија.

Имајќи го во предвид горенаведеното, Регулаторната комисија за енергетика одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение, може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**бр. 12-1389/6**

**20 јули 2020 година**

**Скопје**

**Претседател на**

**Регулаторната комисија за енергетика и**

**водни услуги на Република Северна Македонија**

**Марко Бислимоски**

Прилог:

- Потсетник за потрошувачи на Друштвото за трговија, промет и услуги ВАНГАРД ДОО Скопје, бр.12-1389/5 од 10 јули 2020 година

**Вангард ДОО Скопје**
ул. Народен фронт бр.3/3 – 1000 Скопје
ЕМБС 7411375 | ЕДБ 4080020588061
тел: +389 76 806 666

DIRECT ENERGY

10.07.2020
12 1389/5

# ПОТСЕТНИК ЗА ПОТРОШУВАЧИ

1. Либерализацијата на пазарот за снабдување со електрична енергија им овозможува на потрошувачите сами да одберат свој снабдувач на електрична енергија.

**ВАНГАРД ДОО при учество на пазарот на електрична енергија го користи логото DIRECT ENERGY(Директ Енерџи).**

ВАНГАРД ДОО, како лиценциран снабдувач за електрична енергија има основна цел да им помогне на своите корисници. Соработката која ја остваруваме со нашите бизнис партнери е на долгорчен план и е со цел да им обезбеди на нашите партнери непречено водење на своите бизниси.

Во продолжение ви ги претставуваме најважните правила и регулативи поврзани со снабдувањето со електрична енергија на слободниот пазар за снабдување со електрична енергија.

Склучувањето на договорот се врши со потпишување од страна на двете договорни страни со што се прифаќаат актите и правата кои ги содржи истиот. Договорот склучен помеѓу ВАНГАРД ДОО Скопје и потршувачот на електрична енергија ги содржи следните **елементи**:

- Податоци за договорните страни,
- Предмет на договорот
- Услугите што ги обезбедува снабдувачот и начин на нивно користење од страна на потрошувачот
- Датум и време на отпочнување на снабдувањето со ЕЕ
- Изјава од страна на потрошувачот за согласност за членство во Балансната група на Снабдувачот
- Цена за електричната енергија и начин на пресметка
- Количина и динамика на испорака на електрична енергија
- Листа на мерни места на потрошувачка
- Рокови и начин на наплата

**Вангард ДОО Скопје**
ул. Народен фронт бр.3/3 – 1000 Скопје
ЕМБС 7411375 | ЕДБ 4080020588061
тел: +389 76 806 666

DIRECT ENERGY

- Виша сила (начин на дејствување при појава на потреба од дејство на истата)
- Прекин на испорака на електрична енергија
- Период на важност и престанок на договорот и надоместоци при прекин
- Начин и постапка за надоместок на штетите и/или компензација на потршувачите
- Начин на известувања и информации за контакт
- Пренос на права и обврски согласно договорот
- Доверливост

2. Начин и постапка за склчување договор за снабдување со ЕЕ - Секое правно лице може да достави барање за понуда за снабдување со електрична енергија на брз, лесен и едноставен начин со само еден клик на копчето "**ПОБАРАЈ ПОНУДА**" на нашата официјална веб страна https://directenergy.mk/. Нашиот тим ја изготвува вашата понуда во најскор можен рок и ние воспоставуваме понатамошна комуникација со вас на начин на кој вие ќе одберете (телефон, електронса пошта).

   Постапка - Доколку го одберете **ВАНГАРД ДОО** за ваш снабдувач со електрична енергија потребно е да започнете постапка за промена на снабдувач со:

   - Поднесување на барање за промена на снабдувач
   - Изјава со која потврдувате дека барате да бидете снабдувани од новиот снабдувач
   - Полномошно за снабдување

3. Склучување договор - Доколку сите доставени информации се точни и целосни, договорот за снабдување помеѓу потрошувачот и ВАНГАРД ДОО може да се склучи. Понатаму, процесот на регистрација на мерните места согласно доставените информации, го води ВАНГАРД ДОО. За овој процес потребно е претходно да издадете полномошно на ВАНГАРД ДОО, со цел да се овласти ВАНГАРД ДОО да ја спроведе и управува, во ваше име, постапката за префрлување, со операторот на дистрибутивниот систем и балансната групата и да ги спроведе сите други потребни процедури за спроведување на договорот за

снабдување. Доколку користите повеќе мерни места, имате право да одберете различни снабдувачи за разлчни мерни места.

4. Времетраење на договорот - Договорот за снабдување е склучен на одреден временски период, утврден во договорот за снабдување. Снабдувањето со електрична енергија врз основа на важечкиот договор за снабдување ќе започнува првиот ден од месецот во 00:00 часот согласно наведениот месец за почеток на снабдувањето, додека завршувањето е последниот ден од месецот во 24:00 часот, согласно договорот

5. Цена – цената на електрична енергија зависи од берзантските цени во регионот, позицијата на ВАНГАРД ДОО на македонскиот пазар и на регионалните пазари, како и цените на прекуграничните капацитети. Цената на електричната енергија не вклучува ДДВ; акцизи за електрична енергија; трошок за енергетска ефикасност; надомест за обезбедување поддршка за високо-ефикасна когенерација и обновливи извори на енергија; трошоци на снабдувачот за постигнување на заштеда на енергија од крајните корисници; трошоци за употреба на електрични мрежи, доплата и надоместоци за употреба на електрична мрежа и други јавни давачки / даноци пропишани од државата или државните институции.

6. Поволностите вклучени во цената кои ви ги нуди ВАНГАРД ДОО се сите трошоци за набавка и транспорт на енергија до мрежата на систем операторот АД МЕПСО, како и следните услуги и трошоци:

   - Балансирање на потрошувачката на учесникот;

   - Техничките и административните постапки за приклучување на вашите мерни места во Балансната група на ВАНГАРД ДОО;

   - Комуникација со операторите на системи за пренос и дистрибуција како и операторот на пазар на електрична енерија;

   - Логистички услуги за реализација на снабдувањето.

7. После 3 последователни договори , односно договор на минимум 3 години, се здобивате со право на бонуси, односно попусти.

8. Начин на фактурирање - после добивањето на податоците за потрошувачката на електрична енергија од дистрибутивниот систем оператор, ВАНГАРД ДОО ќе ви подготви и издаде фактури за остварената потрошувачка на електрична енергија во претходниот месец, најдоцна до 15-тиот ден во месецот.

9. ВАНГАРД ДОО во прилог на месечната фактура, ќе ви достави детален приказ за потрошената електрична енергија, за периодот наведен во фактурата. Приказот ќе ги содржи информациите за потрошувачката на секое мерно место на потрошувачот, поделено на активна ниска и висока тарифа, на месечно ниво. Од страна на операторот на дистрибутивниот систем ќе добивате фактури за надоместокот за дистрибутивната мрежа. Тарифите за мрежните услуги според категоријата на приклучок, може да ги најдете на веб страната на Регулаторната Комисија за Енергетика и Водни Услуги.

10. Параметри за квалитет на услуите обезбедени од страна на снабдувачот:
    - Достава на фактури на време, не подоцна од 15-тиот ден во наредниот месец;
    - Техничка и стручна поддршка, бесплатни консултации во врска со правата и одговорностите на потрошувачите пропишани со Законот за енергетика;
    - Преземање на постапки по барање на потрошувачот при појава на било какви нерегуларности.

11. Прекин на испораката на електрична енергија - може да настане како резултат на неисполнување на обврската за плаќање на фактурата за снабдување со електрична енергија. Во тој случај ВАНГАРД ДОО ќе ви испрати опомена за подмирување на неподмирениот долг. Доколку долгот не биде подмирен во предвидениот временски период ВАНГАРД ДОО

**Вангард ДОО Скопје**
ул. Народен фронт бр.3/3 – 1000 Скопје
ЕМБС 7411375 | ЕДБ 4080020588061
тел: +389 76 806 666

ќе ви испрати опомена пред раскнување на договорот за снабдување. Доколку трошокот повторно не биде подмирен, согласно потсетувањето, договорот за снабдување со електрична енергија ќе биде раскинат и последователно снабдувањето со електрична ќе биде прекинато. Доколку причина за прекинот или ограничувањето во снабдувањето е неподмирен долг, за повторно приклучување потребно е сите трошоци да бидат подмирени кон ВАНГАРД ДОО и да доставите повторно барање за приклучок.

Испораката на електрична енергија, исто така може да биде прекината согласно Законот за енергетика, во случај на настан од виша сила, и/или случај на загрозена безбедност на електроенергетскиот систем. Во таков случај, ВАНГАРД ДОО соодветно ќе ве извести за понатамошните чекори со цел да се зачува стабилноста на електроенергетскот систем.

12. Продолжување и раскинување на договорот - Договорот за снабдување се склучува на определено време. Снабдувачот најдоцна 60 дена дена пред истекот на договорот, ќе ве информира за истекот на важноста на договорот, како и крајниот рок за изјаснување дали сакате да ја продолжите соработката со постојниот снабдувач или ќе одлучите да одберете нов снабдувач. Во случај договорот за снабдување да трае само еден месец тогаш ова информација ќе биде доствена на почетокот од договорот.

13. Предвремено раскинување на договорот е можно со допис во рок определен со Договорот. Доколку Потрошувачот го раскине договорот пред истекот на рокот на истиот, без вина на Снабдувачот, Снабдувачот ќе го пресмета надоместокот на предвиден начин утврден во Договорот, односно наплата на одреден процент, договорен при склучување на Договорот, од годишната потрошувачка во висока и ниска тарифа остварена во претходната година, помножено со бројот на месеци кои останале нереализирани од договорениот период по цена договорена во актуелниот Договор. Снабдувачот нема предвиден надоместок поради предвремено раскинување на Договорот.

14. Доколку сакате да извршите промена на снабдувачот потребно е да доставите изјава до ВАНГАРД ДОО со која барате да бидете снабдуван од ВАНГАРД ДОО и полномошно за понатамошни дејствија, со што ВАНГАРД ДОО ќе ја спроведе постапката за промена на снабдувачот во ваше име за оние мерни места за кои ќе издадете овластување.

15. Приговори- во случај од било која прочина да не сте задоволни од соработката со ВАНГАРД ДОО имате право на приовор. Истиот може да биде доставен на било кој од долу наведените начини за комуникација, ВАНГАРД ДОО ќе ви даде одговор во рок од 5(пет) работни дена. Доколку и понатаму не сте задоволни, постои опција за организација на лична средба во која двете страни ќе бараат решение на проблемот.

    Во случај на сеуште постоечки недорешени прашања зависно од видот на спорот , ќе се решаваат од страна на Регуаторна Комисија за Енергетика и Водни услуги и/или надлежен суд.

16. Една од мерките за подобрување на енергетската ефикасност е имплементирањето на соларни колектори, со цел да се дојде до електрична енергија од обновливи извори. Дел од енергијата на потрошувачите на Вангард ДОО е од обновливи извори со цел да се намали потрошувачката на природните ресурси и да се заштити животната средина. Експертите на ВАНГАРД ДОО можат да ви понудат разновидни совети за подобрување на енергетската ефикасност, како придобивките од таквите мерки.

17. Начин на комуникација-доколку имате било какви прашања во врска со извршување на договорот за снабдување, ВАНГАРД ДОО ќе биде достапен за комуникација преку телефонска врска, електронска пошта /писмена комуникација или преку дирекни средби со што се јавува потреба во договорот да ги наведете телефонските броеви и сите електронски адреси на кои сакате да бидете контактирани како и да ги наведете соодветните лица за контакт.

**Вангард ДОО Скопје**
ул. Народен фронт бр.3/3 – 1000 Скопје
ЕМБС 7411375 | ЕДБ 4080020588061
тел: +389 76 806 666

DIRECT ENERGY

- Во однос на фактурите, доколку не ги добиете во рокот наведен во договорот за снабдување, можете да се обратите до ВАНГАРД ДОО, со цел истите да ви бидат доставени преку електронска пошта и/или оригинал по пошта.

- Во однос на техничка поддршка, при појава на дефект во дистрибутивниот систем, можете да се обратите кај давателот на енегетски услуги и/или кај ВАНГАРД ДОО.

ИНФОРМАЦИИ ЗА КОНТАКТ:

Тел: 078 806 666

e-mail: info@directenergy.mk

Адреса: ул. Народен Фронт бр.3/3, Центар, 1000 Скопје

Електро дистрибуција на РСМ:

Тел: 02 3205 300 / 0890 88888

Со почит,
ВАНГАРД ДОО

Управител:
Бруно Николиќ